Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 46 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 24 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Се продолжува лиценцата за снабдување со електрична енергија издадена на Друштвото за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за снабдување со електрична енергија УП1 бр.07-89/14 од 9 јули 2014 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.103/14, 15/17 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/20 ,117/22, 67/24 и 76/24).

2. Во Прилогот, по точката 3. се додава нова точка 3а. која гласи:
   “3а. Датум на продолжување на лиценцата: 8 јули 2024 година”
   Во точката 4 зборовите “8 јули 2024 година” се заменуваат со зборовите “8 јули 2034 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште ул. “Џумајска” бр.40 Скопје-Карпош (во понатамошниот текст: Друштво), на 20 јуни 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија**,** УП1 бр. 12-369/24 од 20 јуни 2024 година

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 25 јуни 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 14, односно од Прилог 2 Образец БЛ 13 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 5 јули 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр. 02-1280/1 од 08 јули 2024 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 јули 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 46 од Законот за енергетика* и член 24 став (3)

од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје .

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-369/24**
**8 јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**